АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 12.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 554 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
3. **Период опфатен со надзорот:** 26 јануари 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 февруари 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 28.09.2020 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 17 и членот 19 од Правилникот за заштита на малолетите лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-332 од 28.09.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (23.12.2020 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван на 26 јануари 2021 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој)* **и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица** *(предупредувачката сигнализација за категоријата програма*

*задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси за сите видови играна програма и за оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица),* **однoсно дека радиодифузерот делумно постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**.

Имено, продолжил со вршење на повредата од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, со тоа што пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма (види табела бр.1).

**Табела бр.1**

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Наследничка“ – серијал | 00:49:26 | 01:33:01 |
| „Џордан“ – серијал | 01:33:08 | 02:14:49 |
| „Сите добиваат“ – филм | 02:14:55 | 03:47:55 |
| „Кирациката“ – филм | 03:47:57 | 05:18:08 |
| „Бонанза“ – серија | 14:08:13 | 14:57:46 |
| „Џордан“ – серијал | 14:59:36 | 15:41:34 |
| „Наследничка“ – серијал | 15:43:03 | 16:26:44 |
| „Локалек херој“ – филм | 20:22:30 | 21:46:32 |
| „Бонанза- Непознатиот“– серија | 22:10:40 | 23:00:12 |
| „Љубовен роман“ – филм | 23:23:38 | 23:59:59 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Играните програми пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма, односно за заштита на малолетните лица.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 28.9.2020 година, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, делумно постапило по изречената мерка, односно продолжи со вршење на повредата од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***